# ПОЛИТИКА, ВИЗИЈА, МИСИЈА И СТРАТЕГИЈА

## ЗА КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Сите ние во Македонската информативна агенција (МИА) ја гледаме нашата агенција со функција на ЈАВЕН ИНФОРМАТИВЕН СЕРВИС, како доверлив добавувач на услугата **СЕКОЈДНЕВНО АГИЛНО РЕГИСТРИРАЊЕ НАСТАНИ И ПОЈАВИ И ПРОДУКЦИЈА И КОНТИНУИРАНО ЕМИТУВАЊЕ ВЕСТИ И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ И МАТЕРИЈАЛИ ПРЕКУ ТЕКСТ, ФОТОГРАФИЈА, АУДИО И ВИДЕО ФОРМАТ,** со цел за што поквалитетно задоволување на барањата и на очекувањата на нашите клиенти.

МИА ја водиме и ќе ја водиме кон сѐ подобри позиции, но секогаш во согласност со општествената одговорност, и со превенција од професионални заболувања и повреди при работата.

Оваа Политика претставува основа за дефинирање и за постојано преиспитување на оперативните планови, целите и иницијативите, согласно со барањата на стандардите:

| | |
|---|---|
| **ISO 9001:2015** | Систем за менаџмент со квалитет; |
| **OHSAS 18001:2007** | Систем за менаџмент со безбедност и здравје при работа. |

Политиката им е соопштена и објаснета на сите заинтересирани страни со цел за нивно проактивно вклучување во позитивниот однос кон квалитетот, како и за нивната безбедност и здравје при работа, секогаш кога активностите ги извршуваме заедно.

Оваа Политика нѐ претставува НАС и како таква секогаш и е достапна на јавноста.

Ние својата дејност ја извршуваме на чесен и непристрасен начин и, во однос на тоа, ќе се трудиме во секој момент да бидеме усогласени со законските барања на Република Македонија, како и со сите заинтересирани страни со кои сме воспоставиле и сме изградиле договорни односи.

Во реализацијата на своите работни активности ние, во МИА, настојуваме:

- постојано да ги унапредуваме квалитетот и непристрасноста на нашите услуги, вестите и другите информативни материјали во согласност со барањата и очекувањата на нашите корисници;
- на ризиците од повреди, болести и заболувања на работа, од мобинг и слично, да им пристапиме примарно со цел за нивна целосна елиминација, секогаш кога тоа е можно, или за нивно максимално намалување.

**СИСТЕМИТЕ НА МЕНАЏМЕНТ И НИВНИТЕ ПРИНЦИПИ ГИ КОРИСТИМЕ КАКО АЛАТКИ ЗА ИЗГРАДБА НА СВЕСТА И ЗА НАСОЧУВАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА МИА НА ПАТ БЕЗ КРАЈ, А ТОА Е ПОСТОЈАНО ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМИТЕ, НА СИТЕ НАШИ ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ, КАКО И НА СИТЕ НАС.**

*Скопје, 14 мај 2018 год.*

*Драган Антоновски,*
*генерален директор*

Акционерско друштво во државна сопственост МИА Скопје Македонска информативна агенција